**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-541**
**04.12. 2018 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5100/3 од 03.12.2018 година, поради констатирана повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради емитување прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации кои не се во согласност со член 53 став 2, од страна на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 , 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), а казнива по член 148 став 1 точка 7 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје во рамките на својот телевизиски програмски сервис, емитуван на 1 ноември 2018 година, на државно ниво во репризните изданија и во премиерното издание на забавно – документарна емисија на тема кулинарство - „Маја готви", и тоа во: првата реприза емитувана во периодот од 01:42:30 часот до 02:05:08 часот; втората реприза емитувана во периодот од 10:14:51 часот до 10:38:51 часот; и во премиерата емитувана во периодот од 16:38:50 часот до 17:06:27 часот, во аудиовизуелната целина монтажно е вметнат промотивен дел за „Брилијант" масло за готвење, што претставува прикриено рекламирање.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5100/3 од 03.12.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, веднаш по приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него, како и на условите и обврските од дозволите и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 23 ноември 2018 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради констатирано прикриено рекламирање. Имено, Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рамки на својот телевизиски програмски сервис, емитуван на 1 ноември 2018 година, во репризните изданија и во премиерното издание на забавно – документарна емисија на тема кулинарство - „Маја готви", и тоа во: првата реприза емитувана во периодот од 01:42:30 часот до 02:05:08 часот; втората реприза емитувана во периодот од 10:14:51 часот до 10:38:51 часот; и во премиерата емитувана во периодот од 16:38:50 часот до 17:06:27 часот, во аудиовизуелната целина монтажно е вметнат промотивен дел за „Брилијант" масло за готвење, што претставува прикриено рекламирање.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецификирана е по наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5100/3 од 03.12.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5100/3 од 03.12.2018 година, поради констатирана повреда на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдена во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое се опоменува Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје и му се наложува веднаш по приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5100/3 од 03.12.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице - Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 03. 12. 2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 5100/3 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 1 ноември 2018 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 23 ноември 2018 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);

   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, на државно ниво, **констатирани се прекршувања** на **членот 53 став 2** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (*прикриено рекламирање*).

Во долупосочените (табела) репризни изданија и во премиерното издание на „Маја готви", забавно-документарната емисија на тема – кулинарство, во аудиовизуелната целина монтажно е вметнат промотивен дел за „Брилијант" масло за готвење, што претставува прикриено рекламирање спротивно на членот 53 став 2 од ЗААВМУ.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| *„Маја готви"*, забавно - документарна емисија (кулинарство); | 01:42:30 (прва реприза) | 02:05:08 | *Спротивно на членот 53 став 2 од ЗААВМУ, одредени делови од аудиовизуелната целина претставуваат – прикриено рекламирање на „Брилијант" маслото за готвење.* |
| | 10:14:51 (втора реприза) | 10:38:51 | |
| | 16:38:50 (премиера) | 17:06:27 | |

Во првонаведената реприза, спорен е аудиовизуелниот склоп - описната секвенца со времетраење од 1 минута и 30 секунди (од 02:02:06 до 02:03:36), што претставува директна промотивна сугестија за „Брилијант" маслото за готвење, направена и визуелно – преку монтажен избор крупни (детални) планови врз споменатата трговска марка, како централна глетка од композицијата на релативно долготраен ТВ-кадар; и вербално – преку суперлативен опис карактеристики на производот (цитат):

- *Би сакала да ви кажам дека „Брилијант" е рафинирано сончогледово масло со најголема биолошка вредност од сите масла за јадење наменети за широка потрошувачка. Неговата голема застапеност се должи на пријатниот мирис, вкус, стабилноста и големиот процент на линална масна киселина која е есенцијална;*

Истиве забелешки за прикриено рекламирање на „Брилијант", важат и за второнаведената реприза (спорниот аудиовизуелен склоп / описната секвенца трае - од 10:37:01 до 10:37:19), и за премиерата на емисијата (спорниот аудиовизуелен склоп / описната секвенца трае – од 16:58:07 до 16:58:55).

По увид во повеќе претходноемитувани изданија од емисијата „Маја готви" (на пример – од 23 до 30 октомври), варијанти на горенаведениот промотивен пасус за „Брилијант", но и негови буквални преповторувања - режисерски (снимателски и монтажно) слично изведени, исто така недвојбено вршат рекламна функција. Оттаму, повторувањето на ваквата аудиовизуелна постапка е дополнителен аргумент за недозволено – прикриено рекламирање[1].

Според начинот на емитување, графичката (pop-up) апликација на трговската марка „Брилијант" врз најавната и врз одјавната шпица на емисијата, се смета за вид – „рекламирање на поделен екран", односно се калкулира во законски предвидените 12 минути аудиовизуелни комерцијални комуникации на еден реален час.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, во забавно-документарната емисија „Маја готви" на тема кулинарство, констатирано е прикриено рекламирање на маслото за готвење „Брилијант".

9. **Предлог мерка:**

Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи <u>веднаш по приемот на решението за преземање мерка опомена</u> да го усогласи своето работење со одредбите од членот 53 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***

---

[1] Опишаната изведба на прикриеното рекламирање може да се отстрани на неколку начини, функционално разработени во Правилникот за спонзорство и во Правилникот за пласирање производи, а конкретно по следниве постапки:

- *(1) Производителот на „Брилијант" маслото експлицитно да се наведе како – спонзор на емисијата, и тоа - било графички било вербално, токму со споменување на зборот – „спонзор";*
- *(2) Емисијата соодветно да се обележи со знакот за „пласирани производи";*

- *Сепак, во рамките на ефективното времетраење на емисијата - ниту во првата ниту во втората постапка – недозволиво е монтажно вметнување на горенаведениот – промотивен / рекламен цитат, или на неговите варијанти, онака како што е даден и контекстуализиран во емитуваната аудиовизуелна секвенца.*